РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“
Со член 73 од истиот Закон е предвидено пријавување на состојба на судир на интереси од страна на службените лица:
„(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.
(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.“

Член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го предвидува изземањето на службените лица при постоење на судир на интереси или потенцијален судир на интереси:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Државната комисија е на став дека, со оглед на тоа што лицето е вработено на работно место шеф на економско-правна служба во АД, Подружница и воедно е и член на Советот на општина, не постои законска забрана согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да ја застапува институцијата каде што е вработен.
Во случај на седница на Советот на општина да се расправа или одлучува за прашање кое директно го засега деловниот или правниот интерес на АД, Подружница, должен е да го пријави приватниот интерес и да се изземе од одлучувањето.

Исто така, при вршењето на службени должности и јавни овластувања потребно е во предвид да го имаат Начелото на интегритет предвидено со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„Член 4 - Начело на интегритет
(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото

на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk